**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 145.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.04.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,145.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 14:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 144.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година, со дополнување на средства.

4. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година.

5. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 144.седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 144.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 144.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 144.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година.

Виолета Димевска објасни дека согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-1757/1 од 09.04.2021 година доставено од страна на Директорот на МТВ а во кое се истакнува потребата од емитување на програмата на Македонска телевизија и преку сателит освен преку интернет, во делот на планирани расходи потребно е да се изврши измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година при што ќе се воведе нова ставка со наслов Сателитски сегмент, а ќе се изврши и пренамена на првично планираните средства кај одделни ставки и тоа:

-во групата Трошоци за вработените ставката со наслов - Трошоци за вршење на PCR (за корона вирус) тестови на вработените во износ од 600.000 денари целосно се брише а доколку се јави потреба од вакви тестови истите ќе се реализираат во рамки на планираните набавки до 1000 евра на месечно ниво. Со ова вкупниот планиран износ на групата Трошоци за вработените исто така се намалува за споменатите 600.000 денари и сега изнесува вкупно 485.910.000 денари,

-во групата Заеднички трошоци ставката со наслов - Електрична енергија се намалува за 1.000.000 денари поради пониско утврдената реализација во постапката за јавна набавка, и со пренамената истата изнесува 21.500.000 денари. Исто така, во рамки на оваа група на трошоци, поради очекувана пониска реализација во 2021 година, се намалува и ставката со наслов Амортизација на основни средства за 2.000.000 денари и истата сега изнесува 64.000.000 денари. Со овие намалувања во вкупен износ од 3.000.000 денари, наместо претходно планираните 186.180.000 денари, вкупниот планиран износ на расходи кај групата Заеднички трошоци сега изнесува 183.180.000 денари,

-во групата Останати трошоци од работење се воведува нова ставка со наслов – Сателитски сегмент со планиран износ од 3.600.000 денари со што оваа група на трошоци наместо претходно планираните 66.010.000 денари, сега има вкупен планиран износ од 69.610.000 денари.

Согласно Барањето пак за пренамена на средства, доставено од страна на одговорните уредници на програмските сервиси МТВ-1, МТВ-2 и МТВ-3 со архивски број 14-1992/1 од 19.04.2021 година во кое се истакнува потребата од реализација на телевизиски копродукциски емисии-отворени програми посветени на значајни спортски настани (ЕП во фудбал и ЛОИ) кои се очекува да се одржат во тековната 2021 година се врши пренамена на првично планираните износи со Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година во групата Програмски права и тоа:

-средствата во износ од 61.000.000 денари планирани во ставката Останати програмски права се намалуваат за 9.000.000 денари и сега истата изнесува 52.000.000 денари, а со

споменатите 9.000.000 денари се зголемува ставката Копродукциски проекти и истата сега изнесува 99.000.000 денари.
Со оваа пренамена вкупниот планиран износ на групата Програмски права, како и претходно, е 269.000.000 денари односно останува непроменет.
Исто така, оваа пренамена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година не го менува и вкупниот износ на планирани расходи, односно истиот како и претходно изнесува 1.022.500.000 денари.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година,со пренамена на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.
■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година, со пренамена на средства **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година.
Виолета објасни дека дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година се состои во вовдување на нова ставка и тоа во Дел II - Договори и рамковни набавки на услуги, под реден број 46 со наслов Набавка на услуги за сателитски сегмент со проценета вредност од 3.050.000 денари без ДДВ.
Оттука произлегува дека износот од 84.663.500 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година се зголемува за 3.050.000 денари без ДДВ и сега изнесува вкупно 87.713.500 денари без ДДВ,а додека планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година остануваат непроменети.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година,со дополнување на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година,со дополнување на средства беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година, со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година,со дополнување на средства **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година.
Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година без поголеми забелешки.
Анита Латифи појасни дека советот неколку седници уназад бара во делот на програмски трошоци да бидат појаснети по проект со суми на чинење.
Директорот Горан Атанасов објасни дека има дополнителен документ во Ексел во кој тоа е објаснето подетално.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија со забелешка дека во Извештајот по однос на ставката иневстиции за нова опрема и други инвестиции од планираните средства ништо не е реализирано,и второ во планираните фактури за копродукциски куќи само за продукциската куќа „ОХО“ има реализација и поради тоа во кварталниот извештај треба да стојат како што побаравме на предходните седници и во самиот извештај.
По расправата договорено беше во иднина извештајот со фактури да се дополни список на склучени договори за копродукција и за откупена програма.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **7** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**5** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2021-31.03.2021 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По расправата по оваа точка членот Златко Јанковски предложи Заклучок:
● Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и одговорниот уредник на Првиот програмски сервис МТВ по однос на ТВ проектот „Моја сторија“ кој се емитува на програмите на МТВ,и по кој има многу негативни реакции во јавноста,да достават писмена Информација кој ќе содржи:

-Кој го изработил проектот,
-Дали е целосно проект на МРТ или е копродукција,
-Колку чини целиот проект,
-Во кој термин ќе биде емитуван,
-Кој одлучил да биде емитуван ваков проект.

-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател